Матеа Велковска IXа

# Мојата идна професија

Деветто одделение е периодот кога веќе треба да се одлучиме што понатаму.Мора да бидеме свесни дека треба да почнеме да создаваме пат кој ќе го одиме понатаму  во животот.

За време на нашиот училишен живот ,ние почнуваме да размислуваме за нашата идна професија.Постојат многу професии во светот,па затоа  е доста тешко да се избере и да се донесе одлука.Некои го следат сопствениот избор,некои го следат советот на родителите,бидејќи тие можат да помогнат во врска со идните планови.Идната професија треба да биде интересна и треба  да ни се допаѓа,бидејќи тоа е важен дел од среќата во животот.Јас сакам да бидам психолог.Психологијата ме интересираше уште од мали нозе.Отсекогаш сум сакала да учам за човечкиот ум и однесувањето на човекот.Психологот има задача да го проучува однесувањето на човекот.Тој го проучува однесувањето на човекот и го користи тоа знаење за да помогне на некој што е во лоша психичка состојба.Иако не сум сигурна дека тоа ќе биде мојата конечна одлука,сега сакам да бидам училишен психилог.Психолозите нудат различни докажани ефективни совети кои ќе им помогнат на луѓето да го подобрат својот живот.Најважната работа што ја прави психологот е да им помогне на луѓето и да ги упати кон нешто што е правилно.

Секој треба да го прави она нешто во кое што е најдобар,бидејќи тоа што го работиме треба да го работиме со љубов.Се надевам дека ќе можам да го работам тоа што го сакам и дека еден ден ќе можам да давам совети на децата на кои што им се потребни.